До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на Државната комисија доставено е Барање за мислење, во врска со тоа дали настанува судир на интереси во ситуација кога лице е именувано за вршење на функцијата член на Управниот одбор на Македонската радиодифузија, но исто така е вработен во Народната банка на РСМ на работно место информатичар.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Согласно член 49 став (2) од истиот Закон:
„(2) Вработен во јавниот сектор, **може** да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал."

Врз основа на наведеното, Државната комисија е на став дека Вие како вработено лице во Народната банка на РСМ, можете да ја вршите и функција член на Управниот одбор на Македонската радиодифузија, согласно член 49 став (2) од Законот.

Во натамошното вршење на службените должности, ДКСК укажува на начелото на интегритет согласно кое службеното лице е должно да постапува во рамките

на јавен интерес, избегнувајќи влијание од лични, семејни, партиски, верски или други интереси.

Дополнително, Државната комисија укажува на обврската од член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„(1)**Избрано или именувано лице**, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, заменицитe на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, **а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.“**

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК информира дека, како член на Управниот одбор на Македонската радиодифузија, лицето има законска обврска да достави изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 30 дена од денот на изборот/именувањето.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**